Бр./Nr 12-3538/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 45та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3538/1 од 13.10.2020 година, во која се изразува незадоволство од споредување на оставинска постапка , **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување бидејќи постапката се води пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-3538/1 од 13.10.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 02.12.2020 година, поднесена е пријава во која се изразува незадоволство од споредување на оставинска постапка, и оформен е предмет број 12-3538/1 од 13.10.2020 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека се работи за постар предмет за кој се сомнева дека постои организиран криминал во --------. Пријавителот наведува дека неговиот имот односно дедовина со помош на властите го узурпирале дури и го приватизирале. Во прилог е доставено делбена постапка, судењето по истата кое го водела судијка ------, која била веќе почината и предметот се загубил во судски лавиринти. Според пријавителот во овој криминал вмешани се општински власти од одделението за урбанизам, имотно правната служба во Министерство за финансии. Подносителот доставил претставка и до Министерство за финансии, од каде го известиле дека на предметот се работи во Управен суд Скопје.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи во тек е постапка пред надлежни судски органи, во конкретниот случај Управен суд на РСМ, а во тој случај подносителот има на располагање правни лекови кои може да ги искористи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н-член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk